Уп. Бр. 08-145/2024

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24) а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ОРБИКО ДОО за трговија Загреб, со седиште на ул. Котурашка Цеста 69, Загреб, Република Хрватска и Акционерско друштво во приватна сопственост АСНОВА ХОЛДИНГ, со седиште на улица Хетман Кирило Розумовкиј бр. 27, Киев, 03115, Украина, доставено преку адвокат Маја Парговска од Скопје, на седницата одржана на ден 20.11.2024 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која ОРБИКО ДОО за трговија Загреб, со седиште на ул. Котурашка Цеста 69, Загреб, Република Хрватска и Акционерско друштво во приватна сопственост АСНОВА ХОЛДИНГ, со седиште на улица Хетман Кирило Розумовкиј бр. 27, Киев, 03115, Украина, индиректно, преку Акционерско друштво во приватна сопственост САВ 92, со седиште на улица Хетман Кирило Розумовкиј бр. 27, Киев, 03115, Украина, имаат намера да стекнат заедничка контрола над ДРУШТВОТО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ ОРБИКО УКРАИНА, со седиште на ул. Георги Тороповски зграда 2, 02100 Киев, Украина, по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 30.10.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е

доставено известување за концентрација од страна ОРБИКО ДОО за трговија Загреб, со седиште на ул. Котурашка Цеста 69, Загреб, Република Хрватска и Акционерско друштво во приватна сопственост АСНОВА ХОЛДИНГ, со седиште на улица Хетман Кирило Розумовкиј бр. 27, Киев, 03115, Украина, со која ОРБИКО ДОО за трговија Загреб и Акционерско друштво во приватна сопственост АСНОВА ХОЛДИНГ, индиректно, преку Акционерско друштво во приватна сопственост САВ 92, со седиште на улица Хетман Кирило Розумовкиј бр. 27, Киев, 03115, Украина, имаат намера да стекнат заедничка контрола над ДРУШТВОТО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ ОРБИКО УКРАИНА, со седиште на ул. Георги Тороповски зграда 2, 02100 Киев, Украина, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**ОРБИКО ДОО за трговија Загреб** е со предмет на работење – трговија. Имено ОРБИКО ДОО за трговија Загреб, а е друштво кое особено се занимава со трговија на големо и истовремено истото е застапник и дистрибутер на територијата на Република Хрватска за голем број на брендови кои се движат од производи за нега и убавина, прехрамбени и непрехрамбени производи, технички и електрични апарати, лекови, играчки, текстил, цигари, моторни масла и многу други производи. Најголемите партнери на ОРБИКО ДОО за трговија Загреб чии производи го сочинуваат најголемиот дел од прометот на ОРБИКО ДОО за трговија Загреб се PHILIP MORRIS, PROCTER & GAMBLE, SHELL и S.C.JOHNSON ITALY S.r.l..

**ОРБИКО ДОО за трговија Загреб е** присутно во Република Северна Македонија преку друштво за трговија и услуги **ОРБИКО ДОО Скопје**, со седиште на ул. Борис Трајковски бр. 286, Општина Кисела Вода, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, со приоритетна дејност: 46.90 неспецијализирана трговија на големо .

Главен предмет на работењето на ОРБИКО ДОО Скопје е неспецијализирана трговија на големо и истовремено е застапник и дистрибутер на територијата на Република Северна Македонија за голем број на брендови кои се движат од: прехрамбени производи, моторни масла, батерии, парфеми, тоалетни води и дезодоранси, декоративна козметика, производи за лична хигиена, роизводи за нега и Производи за одржување на хигиена во домаќинствата.

Акционерско друштво во приватна сопственост „**АСНОВА ХОЛДИНГ**“, е со предмет на работење - други финансиско-услужни дејности, освен осигурување и пензиски фондови, неспомнати на друго место

**АСНОВА ХОЛДИНГ** нема зависни друштва во Република Северна Македонија.

Акционерско друштво во приватна сопственост **„САВ 92“,**е со предмет на работење – неспецијализирана трговија на големо

**САВ 92,** нема зависни друштва во Република Северна Македонија.

**ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ ОРБИКО УКРАИНА е**, со предмет на работење – трговија на големо со парфимериски и козметички препарати

ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ ОРБИКО УКРАИНА нема зависни друштва во Република Северна Македонија, но се дел од Групацијата ОРБИКО кои во Република Северна Македонија се присутни преку Друштво за трговија и услуги **ОРБИКО ДОО Скопје**.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**